Записник од 78-мата Седница на Совет на Општина Чешиново-Облешево

З А П И С Н И К

Од 8-мата седница на Советот на Општина Чешиново-Облешево одржана на ден 13.03.2026 година со почеток од 10:00 во просториите на Општина Чешиново-Облешево-сала на Совет.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Чешиново-Облешево г-дин Горанчо Димишков.

Од вкупно 11 Советници на седницата присуствуваа сите 11 советници и тоа: Горанчо Димишков, Александар Саздов, Виктор Нестов, Даниел Гочев, Грозде Митров, Христина Горгиева, Дивна Зафирова, Бранко Стоименов, Влатко Заов, Борчо Гигов и Дарко Стојанов.

На Седницата присуствуваа Градоначалник Јорданче Костадинов, директор Ленче Јакимова, В.Д. директор Иван Богданов, директор Моника Накова,раководите во финансии Ивана Минова-Богданова, раководител на одделение за јавни дејности Весна Горева-Малинова, Ивана Миленкова Советник за информатичко комуникациска технологија и систем администратор и Записникот го води Емилија Анастасова-Советник ревизор на обука.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков: Почитувани присутни, почитувана јавност, добар ден. Ја отварам 8мата редовна седница на Советот на Општина Чешиново-Облешево.

Бидејќи за 3 дена навршува 1 година од трагедијата во дискотеката Пулс во Кочани ќе Ве замолам со едно минутно молчење да им оддадеме почит на загинатите.

Записникот од 7-мата редовна седница го имам те пред, дали некој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор записникот го ставам на гласање.

Се премина на гласање и со со **10 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, 1 ВОЗДРЖАН советник** е усвоен ***Записникот од седмата седница.***

И усвојување на записникот на комисија за финансии и буџет од го ставам на гласање.

Се премина на гласање и со со **7 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Записникот на комисија финансии и буџет .***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков за работа на 8-мата Седница на Совет на Општина Чешиново-Облешево го предложи следниот:

ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД

1. Завршна сметка на буџетот на ООУ “Страшо Пинџур” с. Соколарци за 2025 година
2. БАРАЊЕ согласност за доградба на дел од објект наменет за образование (ООУ “Страшо Пинџур” с. Соколарци)
3. Завршна сметка на буџетот на ООУ “Климент Охридски” с. Облешево за 2025 година
4. Завршна сметка на ЈОУДГ “Ѕвездички” с. Чешиново за 2025 година
5. БАРАЊЕ за одлука за расрешување на Данка Станкова член во Управен Одбор на ЈОУДГ “Ѕвездички” с.Чешиново
6. Измена на годишен план за вработување
7. Завршна сметка на Општина Чешиново Облешево за 2025 година
8. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА за приоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект “Изградба на улица Брегалничка с.Бања”, општина Чешиново-Облешево
9. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА за избор на приоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект “Изработка на техничка документација за уредување на канал во с. Спанчево”, општина Чешиново-Облешево
10. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА За избор на преоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект “Реконструкција на улица Питу Гули во с. Облешево”
11. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА За избор на преоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект “Реконструкција на улица Лазар Манов” во с. Соколарци
12. ИЗВЕШТАЈ за реализирање на Програмата за подршка и унапредување на основното и предучилишното образование и воспитание во Општина Чешиново-Облешево
13. ИЗВЕШТАЈ за реализирање на Програмата за активностите на Општина Чешиново-Облешево во областа на културните и спортски манифестации во 2025 година
14. ИЗВЕШТАЈ за реализирање на социјалната заштита во Општина Чешиново-Облешево во 2025 година
15. Донесување на одлука за изградба на спомен-обележје за децата загинати во пожарот од 16ти март
16. Одлука за покривање на трошоците за оградата за децата загинати во пожарот од 16ти март
17. Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2025 година
18. Годишен извештај за реализација на програмата за развој на источен плански регион за 2025 година
19. Иницијатива за народна кујна за ранливи категории од Општина Чешиново-Облешево
20. Дополнување на Програмата за спортски и културни манифестации (меморијален турнир за 16ти март)
21. Барање за отстранување на дрва (борови) од училишниот двор во ПУ Спанчево
22. Предлози, прашања и барања

Сите советници едногласно го усвоија дневниот ред.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Пред да започнеме со дневниот ред, сакам да ве поздравам, советниците и присутните на седницата на совет. На советникот Гроздe да му го честитаме роденденот а потоа на сите вас да ви честитам за добиените лап топи односно да ви посакам успешна работа во новиот начин на функционирање и работење на советот, како што се договоривме на предходните седници, пристапивме кон целосно дигитализирање на работата на советот и на вас како советници. Се надевам дека ова ќе биде една од алатките која што ќе помогне во успешна и целосна работа на секој советник а притоа и на советот како тело на општината за поуспешно и поцелосно инплементирање на сите проекти и сите замисли кои што ги имаме на самиот старт од работата на советот. Во иднина ќе продолжиме да работиме така како што се договоривме, со целосна дигитализација, со помош на оваа алатка која што е вметната во работењето на советот и сигурен сум дека ќе имаме успешна работа. Благодарам.

1. Завршна сметка на буџетот на ООУ "Страшо Пинџур" с. Соколарци за 2025 година

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на директорката Ленче Јакимова.

Директорка Ленче Јакимова : Добар ден на сите. За завршната сметка за Страшо Пинџур за 2025 година, за наменската, приходно конто 903, го имате пред вас, приходи и расходи, кои се ни направени, ако имате нешто, прашајте, ќе ви објаснеме дополнително. Конто 787, сопствена сметка е 119.771 денар. Вредноста на опремата набавена е 181.228 денари, амортизацијата е 141.849 денари, сегашната вредност е 39.389 денари. Ситниот инвентар е 21.485 денари. Вкупно или просечно вработени во училиштето имало 41 во текот на изминатата година и една просечна декларација за плата изнесува 2.364.398 денари. Ако имате нешто да ме прашате за 903, слободно прашајте.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков праша дали има прашања.

Гроздe Митров: Сакам да ја прашам директорката, дали има членови на советот во училишниот одбор во централното основно училиште Страшо Пинџур с.Чешиново?

Директорка Ленче Јакимова : Од овој совет не.

Гроздe Митров: Не е време да се бира, не се завршени мандатите или?

Директорка Ленче Јакимова : Не.

Гроздe Митров: Благодарам.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков праша дали има прашања.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **6 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, 5 ВОЗДРЖАН советници** е усвоена ***Завршна сметка на буџетот на ООУ "Страшо Пинџур" с. Соколарци за 2025 година.***

2. БАРАЊЕ согласност за доградба на дел од објект наменет за образование (ООУ "Страшо Пинџур" с. Соколарци)

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на директорката Ленче Јакимова.

Директорка Ленче Јакимова: Барањето доставено до наша страна до вас, се однесува за подрачното училиште Чешиново. Доградбата сакаме да ја направеме надвор кај вецињата. Вецињата ни се надвор од зградата, како дополнителен објект. Сакаме да го затвореме со пластика или со алуминиум. Пак ќе има една излезна врата бидејќи училиштето треба да има 3 излеза, само вецињата да бидат во склоп на училиштето, кога ќе врне дожд, снег, да не излаваат децата надвор. И кровот сега што е покриен е од греди и керамида само а планираме да го направиме со стубови и лим, седвич панел, да се избеле, да се заштити од ладно, влага, прашина, дожд. Тоа ми е целта.

Грозде Митров: Почитувана директорке, ние треба одлука да донесеме а финансиска контрукција или треба само одлука да донесеме?

Директорка Ленче Јакимова: Финансиска конструкција имаме, имаме проект, само одлука, само да ни дозволите градење.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***БАРАЊЕ согласност за доградба на дел од објект наменет за образование (ООУ "Страшо Пинџур" с. Соколарци)***

3. Завршна сметка на буџетот на ООУ "Климент Охридски" с. Облешево за 2025 година

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор В.Д. директорот Иван Богданов.

В.Д. директорот Иван Богданов: Благодарам. На наменската сметка од предвидени 38.829.990 денари има извршување на сума од 38.610.393 денари. Пренесен вишок од предходните години на истата сметка од 660.000 сега се 440.422 денари. На самофинансирачката сметка се 287.973 денари. Најголем дел се за плати на вработените и за придонеси. Комунални услуги и комунален транспорт 1.190.000, ситен инвентар и други материјали за поправка 940.000 денари. Поправка и тековно одржување 967.900 денари, договорни услуги 1.308.000 денари, други тековни расходи 325.000 денари. Износот на салдото на паричните средства евидентирани за сопствени приходи од 787 изнесува 270.220 денари. Овој износ на средства се пренесува во наредната година како приход од поранешните години. Набавната ревалоризирана вредност на опремата евидентирана на оваа сметка изнесува 144.490 денари, пресметаната нејзина амортизација е 55.553, а сегашната ревалоризирана вредност изнесува 88.937 денари. Вредноста на набавениот ситен инвентар, кој е евидентиран на оваа сметка изнесува 42.444 денари. Вредноста на градежните

објекти-училишни згради и спортска сала, кои се евидентирани на сметка за дотации-тип 903, изнесува 53.514.273 денари. Нивната пресметана амортизација е 11.670.161 денар, а нивната ревалоризирана сегашна вредност изнесува 41.844.112 денари. Вредноста на набавениот ситен инвентар кој е евидентиран на оваа сметка изнесува 827.074 денари. Обврските спрема добавувачите на 31.12.2025 година изнесува 108.099 денари, обврски спрема физички лица се 168.481 денари, а обврската за плата на вработените за месец 12/2025 која се исплатува во месец 01/2026 година, изнесува 2.972.705 денари. Во текот на 2025 година, просечниот број на вработените во ООУ Климент Охридски е 49 лица.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **6 гласа ЗА, 1 ПРОТИВ, 4 ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Завршна сметка на буџетот на ООУ "Климент Охридски" с. Облешево за 2025 година***

Горанчо Димишков: 21 точка ***Барање за отстранување на дрва (борови) од училишниот двор во ПУ Спанчево,*** ја ставаме сега за да директорката не чека и се произнесе.

Директорка Ленче Јакимова: Сакам да се произнесам, дека овој проблем е веќе долги години, се правувавме на тој начин што дрвата беа пониски и ги прскавме. А сега дрвата се над 8 метри, можеби и повеќе, не збореме за сите дрва, 5 дрвја се полни со гасеници, боров штетник. Комшиите баш што граничи школскиот двор, се жалат дека кај нив во дворот е полно гасеници. Бараме од вас да ни дозволите, бидејќи вие се надложни за училишниот двор, 5 дрва да се пресечат. Ако имате вие некое алтернативно решение, на кој начин да се справиме може да предложите. Ние не сакаме да ги пресечиме но бараме решение да се спасиме од гасениците, а ако дозволите да се уништат сакам да би дадете препорака што да се прави со остатокот што ќе се исечи.

Грозде Митров: Бидејќи боровите дрва во основното училиште во с. Спанчево претставуваат еден украс на школото. Вработените да најдат високи скали или ножици за сечење, да се пресечат гнездата на ларвите и ќе ги уништат.

Бранко Стоименов: Како идеа да предложам на директорката, луѓето што ги местат уличните сијалици имаат корпа. Со корпата на лице место и ќе се исечат гнездата на гасениците.

Директорка Ленче Јакимова: Дали има општината корпа?

Бранко Стоименов: Ќе се најде, јас знам имаше фирма.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Со оглед дека барањето е донесено на самата седница на советот, прашање е колку ние можеме сега стручно и од аспект на тоа колку ги познаваме состојбите на конктетно наведените насади. Консултација со стручни служби, со Македонски шуми, да се излезе на терен и да ја пресмета на некој начин потребата од отстранување на овие дрвја од училиштето. Ако се констатира дека е итно потребно нивно отстранување, нека се пристапи кон тоа, а ако не, секој од нас е свесен за

зачувањето на животната средина и значењето на дрвјата. Последната работа што треба да ја направиме е да се пристапи кон нивно отстранување. Во секој случај јас мислам дека најдобро е да го кажат стручни служби а не овде на седница на совет да носиме одлука за отстранување или не отстранување. Благодарам.

Директорка Ленче Јакимова: Целта не ми беше да се отстранат, јас и затоа пишав во барањето, или донесување на алтернативно решение од ваша страна . Само да не биде многу доцна да не паднат гасениците, значи тоа ако го направите, треба да биде наредните две недели.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Благодарам директорке, значи размислуваме исто, да се пристапи кон изнаоѓање трајно решение за проблемот со боровиот штетник а не отстранување на дрвјата. Отстранување на дрвјата би била последна можна алтернатива.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се преминува на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ; НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено ***Барање за отстранување на дрва (борови) од училишниот двор во ПУ Спанчево***

4. Завршна сметка на ЈОУДГ "Ѕвездички" с. Чешиново за 2025 година

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на директор Моника Накова: Благодарам претседателе, ги имате матријалите на време доставено, имате разгледано приходи и расходи. Тоа што сакам јас да додадам е во делот на приходите, блок дотација за 2025 година е 10.412.032 денари, на наменска сметка-дотации, целодневна и предшколска грижа, тоа се приходите од родителите 2.231.734 денари, а 182304 денари се трансвери од др. нивоа на власт-од народна кујна. Имаме 8лица за народна кујна. За расходите-околу 9.000.000 денари се за плата.Ако нешто подетелно ве интерсира слободно прашајте.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се преминува на гласање и со **6 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ; 4 ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено ***Завршна сметка на ЈОУДГ "Ѕвездички" с. Чешиново за 2025 година***

5. БАРАЊЕ за одлука за расрешување на Данка Станкова член во Управен Одбор на ЈОУДГ "Ѕвездички" с.Чешиново

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на директор Моника Накова: Барањето е поднесено бидејќи мандатот на Данка Станкова истекува. Таа е член во управен одбор, представник од Министерство, согласно законот и статутот на нашата

градинка.Значи член на управен одбор од Министерството го предлага министерот а го именува и разрешува основачот. Од тие причини се поднесува барање, веќе е поднесено до министерство, тие треба да дадат предлог и на наредните седници да направиме разрешување на Данка Станкова и именување на новиот член.
Емилија Анастасова: Оваа точка ќе ја ставиме и на нереден совет кога ќе имаме повратен емаил од Министерство за труд.

6. Измена на годишен план за вработување

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на раководител на одделение за јавни дејности Весна Горева-Малинова .

Весна Горева-Малинова: Во врска со годишниот план на вработување, првиот годишен план за вработување е донесен минатата година, јули пред да ги распишат изборите. Законски е до 31 август да биде донесен и во предходниот имаше предвидено 2 распоредувања, 1 пензионирање и 20 нови вработувања. Согласно сегашната состојба, проценката е дека нема потреба од тие вработувања имаше потреба да се направи измена. Во материјалите ви се доставени конкретно кои работни места се оставени за понатамошна можна реализација во текот на 2026 година.

Бранко Стоименов: За новите вработувања, можам да се согласам само за последните две, во делот на урбанизмот, а другите четири, со оглед на финансовата состојбата во која се наоѓа општината, во овој момент нема потреба. Доколку градоначалникот најде за овие две, не е проблем, во секој момент да ја донесеме како одлука а за другите мислам дека нема потреба во овој момент. Тоа е мој предлог, дали ќе биде прифатен а дали ќе биде прифатен зависи од целиот совет.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Со оглед на тоа и дека во самото образложение од страна на административните служби е кажано дека ова сепак се однесува на план за вработување, а не за вработување, затоа што се реализирани. Ние како план имаме разгледано, анализирано и проценето кои се најприоритетните можни вработувања што би можело да следуваат во текот на 2026 година. Во самото излагање слушнавте дека планот беше многу поопширен и поголем, направивме рестрикција на целиот план за вработување и констатиравме дека ова се минимум потребните можни опции за вработувања во рамките на општината во општинската администрација дека што цениме дека ќе имаме потреба од такви вработувања во текот на 2026 година. Потенцирам уште еднаш дека ова е само план за вработување, не значи дека 100% ќе биде реализиран до крајот на 2026 година, но цениме дека ваквите вработувања кои што ни се наведени во матријалите се од суштинско значење на општината и ако се создадат услови за нивна реализација ќе бидат пристапени кон реализирање а ако не ќе остане само како идеа. Но потребно е од страна на советниците да биде разгледан овој план и да биде донесен за да ни се овозможи во иднина овие неопходни позиции кои што се за успешно работење на администрацијата да бидат реализирани.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **6 гласа ЗА, 2 ПРОТИВ, 3 ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено ***Измена на годишен план за вработување .***

7. Завршна сметка на Општина Чешиново Облешево за 2025 година

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Ивана Минова-Богданова: Добар ден, прво ќе почнеме со Извештајот за извршување на буџетот на Општината, иако го поминавме во јануарската седница, треба да го образложиме и на седницата кога се гласа и завршната сметка. Од вкупно планирани приходи во буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2025 година во износ од 138.323.292 денари, напратени се 128.810.765 денари што представува извршување од 93,12%. Од вкупните расходи 133.962.719 извршени се 120.769.596 денари што представува 90,15%. Завршната сметка за 2025 година беше сочината од 28 завршни сметки, тоа се сметки по различни проекти и сметките за буџет, орган и наменската дотација. Значи во текот на 2025 година беа направени 2 ребаланси и 2 проширувања на буџетот и имаме извршување на приходите на основниот буџет на општина Чешиново-Облешево и е во износ од 60.847.126 денари. Дотацијата опфаќа 41,45% од вкупниот буџет. Самофинансирачките активности опфаќаат 1,75% и 0,11 донации. Извршување на приходите на основниот буџет на општина Чешиново-Облешево е во износ од 60.847.126 или 81,01%. Даночните приходи учествуваат во износ од 12.518.374 денари или 20,57% од вкупно остварените 60.847.126, неданочните приходи учествуваат со 1.316.222 денари или 2,16% од вкупниот буџет за општината. Трансверите и донациите учествуваат 41.809.000 што значи 68,71%. Расходите на општината предствуваат 84,73% од проектираните. На плати и надоместоци реализирани се 17.065.609 што представува 93,5%. Имате ги и во табеларен исход. Општина Чешиново-Облешево должи по разни основи за стоки и услуги 38.473.985 денари.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Завршна сметка на Општина Чешиново Облешево за 2025 година***

8. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА за приоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект “Изградба на улица Брегалничка с.Бања”, општина Чешиново-Облешево

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Бранко Стоименов-претседател на комисија за урбанизам.

Бранко Стоименов: Пред малку заседаваше комисијата и предлог одлуките ќе ги опфатам сите сега, со 10% учество од општина, со 5 гласа ЗА, комисијата се има изјаснето за да предлог одлуките се прифатени и апелираме до советот да бидат воедно и подржани.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се преминува на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено

ПРЕДЛОГ ОДЛУКА за приоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект "Изградба на улица Брегалничка с.Бања", општина Чешиново-Облешево.

9. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА за избор на приоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект "Изработка на техничка документација за уредување на канал во с. Спанчево", општина Чешиново-Облешево

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено ***ПРЕДЛОГ ОДЛУКА за избор на приоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект "Изработка на техничка документација за уредување на канал во с. Спанчево", општина Чешиново-Облешево***

10. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА За избор на преоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект "Реконструкција на улица Питу Гули во с. Облешево"

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАН советник** е усвоено ***ПРЕДЛОГ ОДЛУКА За избор на преоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект "Реконструкција на улица Питу Гули во с. Облешево"***

11. ПРЕДЛОГ ОДЛУКА За избор на преоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект "Реконструкција на улица Лазар Манов" во с. Соколарци

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***ПРЕДЛОГ ОДЛУКА За избор на преоритетен проект и сопствено учество во реализација на проект "Реконструкција на улица Лазар Манов" во с. Соколарци***

12. ***ИЗВЕШТАЈ за реализирање на Програмата за подршка и унапредување на основното и предучилишното образование и воспитание во Општина Чешиново-Облешево***

Весна Горева-Малинова: За 2025 година имавме донесено програма за подршка и унапредување на основното и предучилишното образование и воспитание и во рамките на таа програма беа опфатени трошоците што општина Чешиново-Облешево. Во врска со наградите за ученик на генерација, за новогодишни порадици за децата од детската градинка и обезбедување на пакетчиња за првачињата кои ќе се запишат во 2025 година. Во табелата во третиот дел конкретно се ставени трошоците, извадени од финансии а што се потрошени во текот на 2025 година. Во однос на тоа колку се биле планирани

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **10 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, 1 ВОЗДРЖАН советници** е усвоено ***ИЗВЕШТАЈ за реализирање на Програмата за подршка и унапредување на основното и предучилишното образование и воспитание во Општина Чешиново-Облешево***

13. ***ИЗВЕШТАЈ за реализирање на Програмата за активностите на Општина Чешиново-Облешево во областа на културните и спортски манифестации во 2025 година***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Весна Горева-Малинова.
Весна Горева-Малинова: Имавме програма за реализирање на активности во Општина Чешиново-Облешево за културните и спортските манифестации. Во извештајот се дадени на кратко трошоците кој што се направени во врска со сите манифестации кои во 2025 година се реализирани. Кратко образложение по суми. Вкупно се биле предвидени 1.000.000 денари а потрошени се 476.903 денар.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **8 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, 2 ВОЗДРЖАН советници** е усвоен ***ИЗВЕШТАЈ за реализирање на Програмата за активностите на Општина Чешиново-Облешево во областа на културните и спортски манифестации во 2025 година***

14. ***ИЗВЕШТАЈ за реализирање на социјалната заштита во Општина Чешиново-Облешево во 2025 година***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Весна Горева-Малинова.
Весна Горева-Малинова: Во врска со социјалната заштита секоја године донесуваме програма за реализирање на социјалната заштита 2025 година и имаме обврска до март да изготвиме извештај и истиот да го доставиме до Министерство за социјална политика. Во изминатата година согласно програмата предвидуваме околу 600.000 денари меѓутоа нивната реализација е согласно според барањата кои што ги добиете и според тоа какви одлуки ќе донесете вие како совет ќе донесете. Во измештајот се конктерно наведени 14 барања, 6 барања за за помош за социјално загрозени семејства, 6 барања за лекување, 2 барања – по едно од основните училишта за 6 ученици за оброк за деца од социјално загрозените семејства.Неисплатени средства од минатите години кои остануваат како салдо за исплата во наредната година изнесуваат 176.350 денари.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **8 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, 2 ВОЗДРЖАН советници** е усвоен

15. ***Донесување на одлука за изградба на спомен-обележје за децата загинати во пожарот од 16ти март***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на градоначалник Јорданче Костадинов.

Градоначалник Јорданче Костадинов: По моја иницијатива и во соработка со семејствата засегнати од несреќата во дискотеката Пулс на заеднички состанок произлезе идеа односно иницијатива за изградба на вакво спомен-обележје во седиштето на општината, во Облешево, во паркот на одредена локација, кај што е сега нефункционалната фонтана, и се пристапи кон идејно решение во врска со изгледот на тој споменик. Потреба за донесување на ваква одлука од советот е за да може службите од урбанизам да пристапат кон обезбедување на соодветна документација за локацијата на спомен-обележје. Инаку, ќе се потрубиме до крајот на овој месец да биде поставено соодветно по стандардите процедури кои што се пропишани по закон за урбанизација. Задачата на советот е да донесе одлука дека се дозволува поставување на вакво спомен-обележје во Облешево.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***Донесување на одлука за изградба на спомен-обележје за децата загинати во пожарот од 16ти март***

16. ***Одлука за покривање на трошоците за оградата за децата загинати во пожарот од 16ти март***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на градоначалник Јорданче Костадинов.

Градоначалник Јорданче Костадинов: На истиот состанок беше констатирана потреба од оградување на гробните локации кај што се погребани децата, се појави потреба за изградба на една таква ограда а од буџетот на општината да се покријат трошоците за таа ограда. Добро е советот да го поткрепи ова со една одлука.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***Одлука за покривање на трошоците за оградата за децата загинати во пожарот од 16ти март***

17. ***Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2025 година***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на градоначалник Јорданче Костадинов.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Со оглед на тоа во врска со овој извештај би требало да даде објаснување некој представник од Источно плански регион но нема присутни па затоа само на кратко сакам да ви кажам дека Центарот за Источно плански регион е тело во рамките на Министерството за локална самоуправа во која што членуваме и ние како општина и на редовни состаноци и закажани седници, разговараме и донесуваме одлуки за конретни проблеми односно одлуки кои што се однесуваат на општините на Источно плански регион во кој што членуваат Кочани, Штип, Виница, Чешиново-Облешево, Зрновци, Карбинци, Берово, Делчево Пехчево, Македонска Каменица и Општина Пробиштип. Бидејќи овој извештај се однесува на работењето од изминатиот период кога е бил некој друг градоначалник, сега не би можел јас да ви дадам конкретни одговори на прашањата кои што би можеле да следуваат во врска со ој извештај, но можам да ви кажам дека трета седница како функционира со ново членство Источно планскиот регион на кој што на редовни седници уествувам и јас како градоначалник на Општина Чешиново-Облешево и носиме одлуки поврзани со овој регион што ги зафаќа овие општини. Ова е процедура која што треба советот да даде, да се произнесе со овој извештај, доколку имате некој конкретни прашања а да бидат наменети за луѓето кои што се директор на Источно плански регион, нивната администрација, би ги побарале на некоја наредна седница а до колку на некои од нив би можел ја да дадам одговор ќе се потрудам во нивно име да одговорам.

Грдозде Митров: Почитуван градоначалник прашањето е за вас, дали нашата општина учествува со финансиска подршка и ако учествува со колку средства учествува и на кој начин се одредува учеството?

Градоначалник Јорданче Костадинов: Согласно одлуките, статуто и законот, Источно планскиот регион е тело во кое што учествуваат сите општини што ви ги набројав, а во

правилникот учествуват и со средства а и парципират со користење на финансиски средства од буџетот на Источно плански регион.

Бранко Стоименов: Сега малку од искуство ќе проговорам, од минатите мандати кога сме биле, секогаш е имало представник од Истошно плански регион и бевме удостоени лично од предходната директорка. Јас знам дека ние учествуваме и дека после тоа се изготвуваат проекти и одреден број на проекти се финансираат. Мене искуството од предходните мандати ме води дека учествувавме во Источно плански и многу не се офајдивме, зборувам за предходниот мандат. Според мене треба да има присуство од нив и да можеме да упатиме прашање, доколку имат можност да дојдат.Предлагам ако можат за наредна седница да дојде представник од нив.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Само дополнително да одговорам на советникот дека во целост се согласувам со неговата забелешка за присуство од Источно планскиот регион но не се согласувам дека нема општината добиено никакви бенефити од страна на овој совет односно една од поледните одлуки на Источно плански регион е донесена одлука за добивање односно обезбедување на средства за набавка на возило за собирање на комунален смет кое што возило е во тендерска постапка и за многу кратко време очекуваме тоа возило да биде дел од услугите на комуналното јавно претпријатие а со тоа и подобрување на услугата така да потребата и користа од членство на Источно плански регион е од голема корист за општината, сега јас пред мене немам точни бројки да ги ви кажам финансиските конструкции за тоа колку општината во минатиот период има добиено финансиски средства од страна на Источниот плански регион но сигурен сум дека за овој тековен мандат за наредните 4 години, членството во Источно планскиот регион ќе допринесе општината да реализира дополнителни проекти кои што се суштинско значење и на општината и на регионот.

Бранко Стоименов: Очигледно не се разбравме со градоначалникот, јас не реков дека не треба да помине ова, и јас зборам за мандатите во кои бев јас.

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков: Предлагам 17та и 18та точка да ги изземеме од денешната седница за обезбедување на представник од Источно плански регион. Со 11 гласови ЗА го усвоија предлогот.

19. Иницијатива за народна кујна за ранливи категории од Општина Чешиново-Облешево

Градоначалник Јорданче Костадинов: Со оглед на тоа дека немаме матријали за оваа точка односно сакам да ве известам по иницијатива на хумани луѓе, доброволци во општината, представници од здраствените институции, стигна до мене замолница ако е возможно во рамки на општината ако е можно да се организира иницијатива за народна кујна која што би ги опфаќала социјално ранливите категории и во општината а со тоа ќе се овозможи на дел од таа категорија на граѓани да можат да имат пристап до основни оброци за тековно опстојување и живеење. Затоа барам од советот да подржи една ваква иницијатива, да донесе одлука за пристапување кон реализација на ваква иницијатива и во многу блиска иднина овозможиме услови таа ранлива

категорија на луѓе да има пристап на оброк кој што ќе се договориме на кој начин дали ќе им се носи дома или ќе земаат од место кај што ќе се готви оброкот или ќе бидат доставувани до сите кои што имаат потреба. Во овој момент преку труд и социјала и центарот за социјални работи има организирање на таков начин на доставување на оброк, тоа сметаме дека е за многу мал број на луѓе што се определени од центарот за социјални работи а според тоа што е фактичка состојба на теренот и со разговор со граѓаните од повеќе населени места постојат повеќе категории на вакви луѓе кои што чуствуваат потреба да имат можност да имаат пристап до народна кујна која што би и овозможила оброк и затоа ние ќе се потрудиме како општина да обезбедиме соодветна локација односно место каде што ќе може да се готве ваков тип на храна и на тие луѓе или да им се доставува или да можат од тамо да си ја подигаат самите они за да можат да бидат корисници на таа помош односно социјална мерка.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ е усвоена *Иницијатива за народна кујна за ранливи категории од Општина Чешиново-Облешево***

20. Дополнување на Програмата за спортски и културни манифестации (меморијален турнир за 16ти март)

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на градоначалник Јорданче Костадинов.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Со оглед на тоа, имајќи во предвид дека имаме ние веќе донесено програма за спортски и културни манифестации но ова барање или оваа иницијатива за организирање на меморијален турнир за 16ти март во с. Соколарци, и произлезено тековно и не е предвидено во самата програма за спорт и културни манифестации и затоа е потребно да се направи едно дополнување доколку се согласувате, тој турнир ќе се организира во училишниот двор во село Соколарци и ќе се одвива во наредните 3 дена кога е и годишнина и ќе биде посветен на децата од с. Соколарци кои ги имат загубено животите.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ е усвоена *Дополнување на Програмата за спортски и културни манифестации (меморијален турнир за 16ти март)***

22Предлози, прашања и барања

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков отвори расправа по барањето.

Грозде Митров: Барање од Влатко Стојанов од с. Чешиново, вакво барање имавме и од с. Жиганци. Јас мислам ваквите барања кои се достават до општината, од службите треба да имат на терен на лице место и да дојдат да ми образложат.

Бранко Стоименов: Се согласувам со Грозде, барањата се доставуваат а ние немаме никаква представа, предлогот е одличен. Си има луѓе платени од службите и нека излезат на терен, нека направат увид со записник.

Претседател Горанчо Димишков: Значи ова барање ќе го доставиме до службите.

Бранко Стоименов: Имам прашање до градоначалник, сум замолен да му поставам прашање од доста добар број на жители од село Кучичино.Прашањето е дали се запознати со прочистителната станица во Кучичино која е запалена и која не функционира и има цевка скршена, фекалиите кај што течат се изливат многу бликсо кај бушотините за вода. Не дај Боже може да дојде до епидемија. Бев замолен да го поставам ова прашање, дали сте информирани и дали има до сега нешто превземено, доколку има превзене што е превземено и доколку нема превземено што ќе се превземе во иднина.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Ова прашање кое што вие го поставувате е навистина важно за функционирање на населено место Кучичино и да знам, запознат сум и заедно со директорот сме направиле увид во состојбите со прочистителната станица во населено место Кучичино. За зал тамо може да се констатира дека пред неколку години е направено опожарување на целата прочистителна станица и во моментот таа не е во функција така како што е замислена или била одобрена со самиот проект. Во овој момент фекалната канализација во населено место Кучичино поминува низ прочистителната станица, последната филтрација која што е направена на некој начин да минува низ некој природен филтер од насади од трска во моментот не е во функција и затоа дел од таа фекална канализација се излева во река Брегалница. Близината односно загрозеноста на изворите за вода за пиење за населено место Кучичино не се така алармантни како што сакат да ги кажат одреден број на луѓе, туку напротив тамо редовно се врши анализа на водата, таму сопственик односно корисник на водоводната мрежа е комуналното претпријатие.Сега јас немам конкретен одговор на колку време се прави анализа на водата за пиење а според стандардите, редовно се врши таа проверка и не треба да бидат загрижени граѓаните. Од страна на директорот на Комуналното претпријатие сум известен дека е санирам моменталниот дефект кој е на мрежата за фекалната канализација, цевководот е поставен но одговор на прашањето кога ќе се стави во функција прочистителната станица во овој момент не можам да кажам.

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков:Ја затворам 8-тата редовна седница.

Советот заврши во 11:20 часот.

Записничар *Претседател на Совет*

Емилија Анастасова *Горанчо Димишков*

_____ М.П. _____